# Програма за реформи во разузнавачкиот и безбедносниот сектор во Република Северна Македонија (2021-2026)

БИЛТЕН бр. 4

АПРИЛ-ЈУНИ 2022

Програмата за реформи во разузнавачкиот и безбедносниот сектор во Република Северна Македонија (2021-2026) продолжи да добива на интензитет со конзинстентноста на ДЦАФ во спроведувањето на активностите и активното ангажирање на примарните чинители. Сите онлајн и офлајн активности додадоа уште еден слој на напорите на ДЦАФ за градење на демократски, отпорен и поефективно управуван разузнавачки и безбедносен сектор во Северна Македонија.

**ДЦАФ & Реформата во безбедносниот сектор**

ДЦАФ – Женевскиот центар за управување со безбедносниот сектор е посветен на подобрување на безбедноста на државите и нивните граѓани во рамки на демократското владеење, владеење на правото, почитување на човековите права и родовата еднаквост. Од своето основање во 2000 година, ДЦАФ придонесе за создавањето на мирот и развојот да бидат поодржливи помагајќи им на државите партнери и меѓународните актери кои ги поддржуваат овие држави, да го подобрат управувањето со нивниот безбедносен сектор преку инклузивни и партиципативни реформи. ДЦАФ креира иновативни производи на знаење, промовира норми и добри практики, обезбедува правни и политички совети и го поддржува градењето капацитети на засегнатите страни и на државниот и на недржавниот безбедносен сектор. ДЦАФ е една од водечките светски организации во управувањето со безбедносниот сектор (УБС) и реформите во безбедносниот сектор (РБС).

Најдобрите моменти од достигнувањата и придонесите на ДЦАФ на меѓународно ниво се прикажани во најновото видео.

## РЕЗУЛТАТ I

Од **мај 2022 година**, ДЦАФ дава поддршка на работната група формирана од Министерството за внатрешни работи, чија цел е да изработи ново *Упатство за криминалистичко-техничка регистрација и идентификација на лица и непознати лешеви*. Упатството ќе ја ажурира постоечката процедура за криминалистичко-техничка регистрација и идентификација врз основа на биометриски (ДНК, дактилоскопски и фото) податоци според новите национални и меѓународни законски барања. Улогата на ДЦАФ вклучува ангажирање на национален експертски тим за давање помош и совет. До сега, беа организирани три состаноци на работната група за да се дискутира и разгледа концептот и содржината на Упатството.



**Состанок на Работната група од Министерството за внатрешни работи,**

Скопје, 23 јуни 2022

DCAF Geneva Centre for Security Sector Governance

**Програма за реформи во разузнавачкиот и безбедносниот сектор во Република Северна Македонија (2021-2026)**

**БИЛТЕН бр. 4 АПРИЛ - ЈУНИ 2022**



**Работилница за анализа на Законот за Агенција за национална безбедност и Законот за координација на безбедносно-разузнавачката заедница,** 15 април 2022 година, Скопје

# РЕЗУЛТАТ II

На **15 април 2022 година** во Скопје, ДЦАФ организираше **Работилница за анализа на Законот за Агенцијата за национална безбедност и Законот за координација на безбедносно-разузнавачката заедница.** Пристапот беше конструктивен и избалансиран, но и критичен, од теоретска и практична применлива перспектива. Работилницата поттикна дискусија и размислување за идентификување на посоодветно решение за подобрување на сегашната легислатива во безбедносно-разузнавачката сфера. Пристапот комбинираше придонес и од пратениците, од персоналот на Собранието, од локалните експерти и од практичарите од безбедносно-разузнавачките служби, вклучително и директорот на Агенцијата за национална безбедност (АНБ) и директорот на Оперативно-техничката агенција (ОТА). Настанот беше дел од серијата работилници за преглед на законодавството организирани од ДЦАФ.

## Програма за реформи во разузнавачкиот и безбедносниот сектор во Република Северна Македонија

*Април 2021 - март 2026*

Базирајќи се на неодамнешните достигнувања, целта на оваа програма е да продолжи со процесот на демократски реформи во рамките на безбедносниот сектор на Северна Македонија. Стратегијата за интервенција има за цел да осигура дека разузнавачките и безбедносните служби во Северна Македонија ефективно функционираат под активна демократска контрола и надзор и борба против сериозен и организиран криминал и спречување корупција во согласност со добрите практики на отчетност и почитување на човековите права.

Програмата е структуирана за да постигне три резултати:

**Резултат I**: Правната и институционалната рамка на разузнавачкиот сектор во Северна Македонија е изменета во согласност со релевантните евро-атлантски принципи и добри практики на отчетност и почитување на човековите права.

**Резултат II**: Надворешните тела за надзор и контрола имаат подобрено знаење и капацитет за спроведување ефективен и транспарентен надзор и контрола врз активностите на секторот за разузнавање.

**Резултат III**: Јавноста е информирана за функционалноста и резултатите од безбедносниот и разузнавачкиот систем на отчетност.

**Развојни партнери**: Холандија (Министерство за надворешни работи), Шведска (Шведска агенција за меѓународна развојна соработка - Сида), Швајцарија (Швајцарска агенција за развој и соработка - СДЦ) и Европската Унија.

**Партнери во Република Северна Македонија:**

- Собрание на Северна Македонија
- Кабинет на премиерот
- Министерство за внатрешни работи
- Министерство за одбрана
- Безбедносни и разузнавачки служби
- Оперативно-техничка агенција (ОТА)
- Агенција за заштита на личните податоци
- Дирекција за безбедност на класифицирани информации
- Академија за судии и јавни обвинители
- Основно јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција
- Други судови и судски институции
- Народен правобранител
- Државен завод за ревизија
- Граѓански организации и медиуми.



**Работилница за концептуализација и драфтирање на правилата за користење на заштитената соба и заштитениот работен простор во Собранието,** 29 април 2022 година, Скопје

Како дел од поддршката на ДЦАФ за Собранието при изградбата и добивањето акредитација за *заштитена соба и заштитениот работен простор*, за ракување со класифицирани информации, ДЦАФ организираше дополнителна **Работилница за концептуализација и образложување на правилата за користење на заштитената соба и заштитениот работен простор**. Истата се одржа на **29 април 2022 година** во Скопје и е дел од серијата работилници во 2022 година со цел да се осигури дека сите корисници се свесни за физичките аспекти на безбедноста. Целиот процес е во локална сопственост и раководен од претставници на Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации и претставници на Министерството за внатрешни работи задолжени за безбедноста на Собранието.

Во своите напори да го зајакне надзорот врз разузнавачкиот и безбедносниот сектор, ДЦАФ организираше **Тркалезна маса за парламентарен надзор над безбедноста и разузнавањето** помеѓу **19-22 јуни 2022** година во Женева, Швајцарија за пратениците и парламентарниот персонал од Северна Македонија. Целта на тркалезната маса беше да се нагласи релевантноста на улогата на Парламентот во процесот на демократизација на безбедносниот сектор, да се разговара за главните предизвици поврзани со ефективен парламентарен надзор и да се разменат мислења и добри практики. Настанот ја истакна суштинската и критично важна улога што ја имаат пратениците во безбедносниот сектор. Настанот генерираше голема дискусија и дијалог меѓу учесниците за критичните одредници и предизвици на парламентарниот надзор над безбедноста и разузнавањето во Северна Македонија.

Во овој период, ДЦАФ беше фокусиран и на градење на капацитетите во судството. Во таа насока, продолживме со спроведување на серија **работилници во рамките на Обуката за обучувачи** за *информирање и дисеминација* за судски и правни практичари со наслов **„Теорија до пракса: Унапредување на судската пракса за надзор на посебните истражни мерки со користење методи на учење и задржување“**. Помеѓу **04-06 мај 2022 година** во Берово, ДЦАФ ја одржа 4-та работилница, додека во периодот **29 јуни - 01 јули 2022 година** во Велес, се одржа 5-тата и последната работилница за обучувачи на Академијата за судии и јавни обвинители. Работилниците имаа за цел да изградат капацитет и да ги олеснат сесиите за обука засновани на претходно објавениот Прирачник, на начин согласно со концептуалните принципи на трансформативно и активно учење на возрасни. Организирањето на полудневни работилници за информирање и дисеминација следеше по секоја од петте работилници кои им овозможија на учесниците да го „спроведат во пракса“ учењето од работилниците со публика во живо составена од судски практичари од цела Северна Македонија.



Тркалезна маса за парламентарен надзор над безбедноста и разузнавањето,
19-22 јуни 2022, Женева, Швајцарија

DCAF Geneva Centre for Security Sector Governance

**Програма за реформи во разузнавачкиот и безбедносниот сектор во Република Северна Македонија (2021-2026)**

**БИЛТЕН бр. 4 АПРИЛ - ЈУНИ 2022**




**Обука за обучувачи**
04-06 мај 2022, Берово

На **8 јуни 2022 година**, ДЦАФ беше домаќин на регионална судска онлајн конференција со наслов **Неодамнешни стандарди и трендови во примената на следењето на комуникациите во кривичните истраги.** Во организација на *Програмата за реформи во разузнавачкиот и безбедносниот сектор во Северна Македонија* имплементирана од ДЦАФ и *Програмата за правда и безбедност во Западен Балкан*, конференцијата беше петта од серијата регионални онлајн настани, иницирани во март 2021 година. Целта на регионалните настани е поттикнување на размена на добри практики и научени лекции од областа на судското овластување на посебните истражни мерки. Над 30 судии, обвинители и правни експерти од регионот на Западен Балкан разговараа за брзо-развивачката судска практика на Европскиот суд за човекови права, која поставува високи стандарди во однос на должноста на судијата критички да ги испита сите барања за употреба на интрузивни методи.



**Работилница #5 за судски и правни практичари**
Велес, 01 јули 2022

### Развојно партнерски механизам за управување

За Програмата, избран е обединет механизам за финансирање и до декември 2021 година четири развојни партнери дадоа придонес. Тие се: Холандија (780'000 CHF), Шведска (прибл. 960'000 CHF), Швајцарија (1'000'000 CHF) и Европската унија (прибл. 320'000 CHF). Заедно со основниот буџетски придонес на ДЦАФ и поддршката од националните партнери корисници преку обезбедување канцелариски простор, места, техничка опрема, локален транспорт и експерти, комбинираниот вкупен буџет за периодот 2021-2026 година изнесува CHF 4'939'219.

Со Програмата се раководи преку сет од Управувачки групи со националните партнери -корисници и од Управувачка група на развојни партнери (УГРП). УГРП е составена од Амбасадори и програмски персонал што ги претставува развојните партнери. Тие активно се вклучуваат во Програмата преку обезбедување политичка и стратешка поддршка и насоки, ублажување на ризиците и зголемување на ефективноста на имплементацијата. Состаноците на УГРПсе одржуваат два пати годишно и се одржуваат во мисиите на развојните партнери на ротациона основа.

Во партнерство со Академијата за судии и јавни обвинители, ДЦАФ започна да **организира курсеви** за европските принципи и стандарди во судските постапки за слушателите од Академијата. Првите 3 теми, испорачани онлајн, беа организирани по следниот редослед:

DCAF Geneva Centre for Security Sector Governance

**Програма за реформи во разузнавачкиот и безбедносниот сектор во Република Северна Македонија (2021-2026)**

**БИЛТЕН бр. 4 АПРИЛ - ЈУНИ 2022**



**Курс за слушателите на Академијата за Предизвиците во употребата на посебните истражни мерки,**
15 јуни 2022, Скопје

1. Стандарди на Европскиот суд за човекови права (ЕСЧП) за посебните истражни мерки во контекст на правото на приватен живот (член 8 од ЕКЧП) **- 9 мај**,

2. Стандарди на Европскиот суд за човекови права (ЕСЧП) за посебните истражни мерки во контекст на правото на правично судење (член 6 од ЕКЧП) **- 16 мај**,

3. Употреба на посебни истражни мерки во контекст на заедничките истражни тимови - Водење ефективни кривични истраги со земање во обзир на потребата за почитување на правата на приватност и правично судење **- 3 јуни**.

Сите курсеви ги посетуваа 60 потенцијални судии и јавни обвинители, сите запишани на почетната образовна програма на Академијата.

Четвртиот курс се одржа во живо на 15 јуни 2022 година во Скопје, фокусиран на **Предизвиците во употребата на посебните истражни мерки**. На него учествуваа 25 потенцијални судии и јавни обвинители запишани во почетната образовна програма на Академијата. Следните два курса од оваа серија ќе се фокусираат на **Собирање и зачувување на докази во дигитален онлајн контекст** и **Користење на (контра) разузнавачки информации како доказ во судовите**. И двете ќе се одржат во септември 2022 година.

На **14 јуни 2022 година**, во Скопје, ДЦАФ организираше **Тркалезна маса за полициски интегритет** за 25 учесници од *Одделот за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди*. На тркалезната маса учествуваше персоналот на ДЦАФ кој ја координираше дискусијата за управување со интегритет и ја презентираше меѓународната практика за тестирање на интегритет, како еден од неколкуте механизми за внатрешна контрола. Тркалезната маса беше почетен чекор во градењето на капацитетите на Одделот во МВР за нивно развивање на програма за тестирање на интегритет. ДЦАФ ќе продолжи да обезбедува поддршка во рамките на овој развоен процес.



**Тркалезна маса за полициски интегритет,**
13 јуни 2022, Скопје

# РЕЗУЛТАТ III

На **14 јуни 2022 година**, во Скопје се одржа третиот **Состанок на независната судска експертска група за следење и евалуација на спроведувањето на посебните истражни мерки**, со поддршка на ДЦАФ и под раководство на Академијата за судии и јавни обвинители. Основната мисија на оваа група е да го следи и оценува развојот на локалната судска практика во одбрувањето на ПИМ и неговото усогласување со јуриспруденцијата на ЕСЧП и европската добра практика. Овој форум иницииран од ДЦАФ обезбедува континуитет на структуриран дијалог и размена меѓу македонските правосудни практичари, академската заедница и меѓународните експерти, придонесувајќи за одржливоста на националните процеси на надзор. Меѓународните и локални експерти разговараа за научените лекции од употребата на тајното следење во Австрија и други случувања на европско ниво. Односот меѓу судството, парламентот и другите независни надзорни тела беше детално анализиран, а македонскиот разузнавачки и безбедносен надзорен систем моментално е во ќорсокак предизвикан од застојот во спроведувањето на законот (Закон за следење на комуникациите, усвоен во 2018 година).

ДЦАФ ја признава важноста на граѓанскиот и медиумскиот сектор, како важни недржавни гласови во рамките на циклусот на одговорност на разузнавањето. Програмата на ДЦАФ прави напори да го поттикне нивното активно



**Трет состанок на независната судска експертска група за следење и евалуација на спроведувањето на посебните истражни мерки,** 14 јуни 2022, Скопје



**Обука за управување и отчетност во разузнавачкиот и безбедносниот сектор: Улогата на граѓанското општество и медиумите** 27-29 јуни 2022, Охрид

вклучување во процесот преку поддршка на независно истражување, анализа и застапување, но и преку поддршка на нивната важна улога како олеснувачи за подобро информирана јавност за прашањата за реформи во безбедносниот сектор (РБС).

Во таа насока, во периодот **27- 29 јуни 2022 година** во Охрид, ДЦАФ организираше една од неколкуте обуки планирани за локални граѓански организации и медиуми со цел зајакнување на нивното знаење, капацитети и разбирање за безбедносниот и разузнавачкиот сектор и нивната улога во неформалниот надзор над секторот. Настанот насловен **Обука за управување и отчетност во разузнавачкиот и безбедносниот сектор: Улогата на граѓанското општество и медиумите** ја подвлече важноста на независните актери, како што се граѓанскиот сектор и медиумите, во промовирањето на поефективно управување со разузнавачкиот и безбедносниот сектор, преку интерактивни презентации, симулации и практични вежби поддржани од надворешен експерт за РБС.

Во однос на градењето на јавната доверба и зајакнувањето на видливоста на напредокот на реформите во разузнавачкиот и безбедносниот сектор, ДЦАФ во соработка со ТВ продуцентската куќа 360 Степени, изработи две дополнителни **аудио-визуелни мини-документарни приказни**. Видеата комбинираат раскажување приказни и информативни содржини наменети да ја подигнат свеста и разбирањето кај

DCAF Geneva Centre for Security Sector Governance

**Програма за реформи во разузнавачкиот и безбедносниот сектор во Република Северна Македонија (2021-2026)**

**БИЛТЕН бр. 4 АПРИЛ - ЈУНИ 2022**




**Мини документарна приказна за Празнините во Законот за следењето на комуникациите** емитувана во мај 2022

пошироката публика. Видеата беа емитувани на ТВ АЛСАТ во Северна Македонија.

Мини-документарната приказна за **Празнините во Законот за следењето на комуникациите**, емитувана во **мај 2022 година**, ја истакна важноста и неопходноста од промена на постојната легислатива која треба да овозможи поефективно и структурирано функционирање на надзорните институции, вклучително и на нефункционалниот Совет за граѓански надзор.

Градењето доверба во судството и подигањето на свеста кај пошироката јавност беше причината за втората мини-документарна приказна, исто така емитувана во **мај 2022 година**. Видеото со наслов **Агенти на промени** го илустрираше процесот на судската обука за обучувачи. Видеото беше насочено да ја запознае јавноста со циклусот обуки/работилници за информирање и дисеминација организирани од ДЦАФ, на кои присуствуваа група обвинители, судии, адвокати, професори и вработени во МВР. Целта на оваа серија обуки беше да ги зајакне нивните капацитети за поефективно пренесување на стекнатото знаење на колегите во судството за прашања како што е употребата на посебните истражни мерки (ПИМ). Видеото, исто така, се осврна на спецификите на ПИМ и зошто се потребни вакви обуки за да се обезбеди усогласено и ефективно користење на ПИМ во согласност со меѓународните стандарди.




**Мини-документарна приказна Агенти на промени**
емитувана во мај 2022

# ИДНИ АКТИВНОСТИ

## ЈУЛИ 2022

- Дискусија базирана на техники на номинални групи преку вежба заснована на приспособени сценарија во соработка со ГО „C3Initiative", во Скопје
- Прв Евроток (според правилата на Чатам Хаус) во соработка со ГО „ЕВРОТИНК", во Скопје
- Работилница за РГ на МВР за конципирање на Упатството за криминалистичко-техничка регистрација и идентификација на лица и непознати лешеви, Берово
- Започнување на процес на набавка на ИТ опрема (хардвер и софтвер) за ОКТИВ во МВР за опремување на ДНК лабораторија со средна големина за инсталација и функционирање на CODIS. CODIS е акроним за Комбиниран систем за индексирање ДНК и е генерички термин што се користи за опишување на програмата на ФБИ за поддршка на базите на ДНК на кривичната правда, како и софтверот што се користи за водење на овие бази на податоци

## АВГУСТ 2022

- Продуцирање на видео за е-упатство за процесот на издавање безбедносни сертификати во соработка со Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации (ДБКИ)
- Подготвителен состанок со експерти за изработка на практични вежби за работилница за имплементирање на заеднички минимални стандарди во спроведување контролни и надзорни посети во разузнавачките и безбедносните институции во Северна Македонија
- Состанок за финализирање на концептот на Упатството за криминалистичко-техничка регистрација и идентификација на лица и непознати лешеви, Скопје

## СЕПТЕМВРИ 2022

- Потпишување на Меморандум за разбирање со Владата и договори за соработка со Министерството за одбрана и Дирекцијата за безбедност на класифицирани информации
- Обука на обучувачи за одржување работилници за подобрување на управувањето со разузнавачкиот и безбедносниот сектор, во Велес
- Работилница за Упатства за користење на заштитената соба и заштитениот работен простор во Собранието, во Скопје
- Обука за користење на статистички софтвер LRmix и EuroForMix за пресметување тежина на ДНК докази за ДНК експерти од ОКТИВ при МВР, Скопје
- Состанок на Управната група со претседателите на парламентарните комисии, ДЦАФ и претставници на развојните партнери, во Скопје
- Втор Евроток (според правилата на Чатам Хаус) во соработка со ГО 'ЕВРОТИНК', во Скопје
- Официјален почеток на процесот на родова само-проценка (РСП) во МО.